ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА АДИНГ



































# КОНКУРС ЗА НАЈДОБРА ФОТОГРАФИЈА ОД АДИНГ 2024/2025

*„ЕДНА СЛИКА, ИЛЈАДА ЗБОРОВИ“* Хенрик Ибсен

## *ВОВЕД*

Кога ќе ја погледнете насловната страна, на неа се наоѓаат само мал дел од фотографиите кои низ годините се користени за да ја доловат суштината на работењето на АДИНГ, хемија во градежништвото од 1969 година чие маркетинг мото е да се биде „состојка на секоја градба“.

## *КРАТОК ОПИС*

**Центар за Едукација Адинг (ЦЕА)** распишува месечен конкурс за најдобра фотографија која треба да даде слика за работата на АДИНГ, делувањето дома и во странство. Фотографијата треба да биде приказ на специфичноста за производите или услугите на АДИНГ, дејноста на компанијата, брендот и големината на компанијата, нејзината околина и тн.

Најдобрата фотографија за месецот, ќе влезе во конкуренција за најдобра фотографија за тековната година.

Најдобарата фотографија за тековната година ќе има градација за Прво, Второ и Трето место.

*„НЕ ИМ ВЕРУВАМ НА ЗБОРОВИТЕ, ВЕРУВАМ НА ФОТОГРАФИИТЕ“ – Жил Перес*

## *ЗА ТЕМИТЕ КОИ ЌЕ ГИ ОБРАБОТУВААТ ФОТОГРАФИИТЕ:*

Темите на автентичните АДИНГ фотографии се генерално поделени на фотографии од СПЕЦИФИЧНА и ОПШТА природа.

Како пример за фотографија со СПЕЦИФИЧНА ТЕМА е фотографија за производите на АДИНГ, нивна примена на терен/референтен објект (моменти од апликација, амбалажа во контекст на објект, инженери или останат персонал со симболи на АДИНГ во контекст на објект и тн.). Оваа фотографија треба да го прикаже АДИНГ како активен учесник и составен дел на објектот и да ја покаже големината и значењето на објектот.

Пример за фотографија со ОПШТА ТЕМА е фотографија која има акцент на брендот на АДИНГ и неговата дејност (околина, луѓе, вработени на терен, АДИНГ во малопродажбата, производ во секојдневна употреба, АДИНГ во движење, транспорт, камиони, комби, секојдневни ситуации во кои брендот е присутен и тн.)

*„ИЛУЗИЈА Е ДЕКА ФОТОГРАФИИТЕ СЕ ПРАВАТ СО КАМЕРА, ДОБРИТЕ ФОТОГРАФИИ СЕ ПРАВАТ СО ОКО, ОД СРЦЕ И СО ПАМЕТ“ – Хенри Картие - Бренсон*

***КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:***

Напомена: Технички, фотографиите треба да бидат јасни, да имаат фокус, да имаат доволно светлина и да имаат квалитет кој ќе им даде понатамошна употребна вредност и ќе бидат практични за користење (за дигитална или пак печатена употреба).

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА СПЕЦИФИЧНА ФОТОГРАФИЈА:

- Доколку се работи за објект/ референтен објект, истиот треба да е атрактивен и АДИНГ да има значајно учество со производи, истиот да отсликува активност која ќе прикаже значајни елементи од АДИНГ на терен.
- Специфична фотографија може да биде и работна постапка на објект или фаза од изведба, ситуација од терен, амбалажа пред или по употреба и сл.
- Актуелност и рок на фотографијата, да има што подолга употребливост
- Објектот да е во завршен или пак фотографијата да прикаже специфична фаза од изведбата
- Фотографијата да има дозвола за објава, доколку станува збор за приватен објект
- Авторот на фотографијата се согласува дека со учеството на конкурсот, ги отстапува правата за користење на фотографијата.

КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА ОПШТА ФОТОГРАФИЈА:

- Фотографијата да ја покаже филозофијата, имиџот или суштината на АДИНГ. Ова може да биде настан, случување, момент, работна атмосфера и се` што може да асоцира на брендот.
- Да поседува естетска вредност
- Актуелност и рок на фотографијата и нејзина употребливост
- Авторот на фотографијата се согласува дека со учеството на конкурсот, ги отстапува правата за користење на фотографијата.

***НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ФОТОГРАФИИ:***

**Првоизбраната најдобрата месечна фотографија ќе добие награда во износ од: 2000 ден.**

**Годишната награди според освоено место:**
За Прво место: 12000 ден.
За Второ место: 6000 ден.
За Трето место: 3000 ден.

***ПОСЕБНИ НАПОМЕНИ:***

- Еден учесник може да конкурира со најмногу 3 фотографии во месецот.
- Фотографиите се испраќаат на е-маил: foto@ading.com.mk и треба да содржат, датум на фотографија, име на објект. Фотографијата доколку ги исполнува основните услови, ќе влезе во конкуренција за месецот во кој е испратена.
- ЦЕА го задржува правото да одлучи и вон критериумите наведени погоре.
- ЦЕА го задржува правото да избере и награди 2 фотографии во тековниот месец.
- Еден учесник може да добие најмногу 3 месечни награди во тековната година.